РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 05-94/2
04.01.2018
ВЕЛЕС

Друштво за трговија
МУЛТИТЕКС
ДОО увоз-извоз
Бр. 05-1/1
04.01.2018 год.
Битола

# ДОГОВОР

Склучен на ден 04.01.2018 година, во Велес помеѓу следните

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

**1.ОПШТИНА ВЕЛЕС**, ул. Панко Брашнар бр. 1, 1.400 Велес, застапувана од Градоначалникот Аце Коцевски, во понатамошниот текст како набавувач и

**2. МУЛТИТЕКС ДОО БИТОЛА** , ул.Св.Нектариј Битолски 141, 7.000 Битола застапувано од Тоше Гроздановски , во понатамошниот текст како носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на Стоки : **Јаглен за огрев** по приложена спецификација.

Постапката е спроведена како постапка со барање за прибирање на понуди во електронска форма со е-аукција **ОБПП бр 59/2017** објавена на ЕСЈН од 29.11.2017 година.

## ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ:

**Член 2**

Вредноста на стоките согласно член 1 од овој Договор, ќе биде утврдена со фактура, врз основа на единечните цени дадени во понудата во вкупен износ **до 599.794 денари со вклучен ДДВ**, во согласност со потребите на набавувачот.

Набавката е сукцесивна според потребите на договорниот орган.

Договорниот орган нема законска обврска за целосно исцрпување на вредноста на договорот.

Цените утврдени во техничката спецификација се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ:

**Член 3**

Плаќањето на цената од член 2 на овој Договор, ќе се врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ за испорачаните стоки и тоа вирмански во рок од 60 дена.

Носителот на набавката е должен да врши фактурирање согласно единечната цена наведена во техничката спецификација и согласно испорачаните количини .

Во прилог на секоја фактура носителот на набавката е должен да достави и кантарна белешка со која се потврдува дека е испорачана наведената количина во фактурата.

## СКЛУЧУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ:

**Член 4**

Договорот се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од двете договорни страни. Времетраењето на овој договор е една година од денот на неговото склучување или до целосно исцрпување на вредноста предвидена во член 2 од овој договор.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача стоките опишани во член 1 на овој Договор, по рок и динамика на испорака утврден во член 8 од овој Договор.

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека испорачаните стоки ќе ги предаде со бараните карактеристики и квалитет.

Носителот на набавката се обврзува стоките, да ги испорача според видот утврден во член 1 од овој Договор (по спецификација) и во рокот определен во член 8 од овој Договор.

## ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ:

**Член 7**

Набавувачот се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ за испорачаната стока во рок утврден во член 3.

## РОК НА ИСПОРАКА

**Член 8**

Носителот на набавката е должен да изврши испорака на стоките во рок до 7 дена по издаден налог од договорниот орган до зградата на Општина Велес.
Носителот на набавката задолжително го известува договорниот орган за датумот и часот на испорака со цел договорниот орган да определи лица кои ќе бидат присутни при вагањето на стоката.

**Член 9**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ги изврши порачките во рокот определен во член 7 од овој договор па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена во член 2 од овој Договор за секој ден на доцнењето.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

## РОК И ГАРАНЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ

**Член 10**

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на испорачаните стоките и дека испорачаните стоките во времето на примопредавањето се во согласност со квалитетот кој го гарантира производителот и дека немаат мани што ја оневозможуваат нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

Договорниот орган го задржува правото да изврши проверка на испорачаните стоки во надлежна акредитирана институтција за тоа дали истите соодвествуваат со барањата и карактеристиките од техничките спецификации.

Доколку испорачаните стоки не се во согласност со барањата во техничката спецификација носителот на набавката е должен да изврши замена на испорачаната стока и да ги подмири трошоците за испитувањето кои се настанати пред акредитираната институција.

**Член 11**

Носителот на набавката се обврзува дека без надоместок ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаните стоките .

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 13**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30 дена.

**Член 14**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат по истекот на отказниот рок од член 13.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 15**

Материјален недостаток постои ако испорачаните стоки ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба или ги немаат својствата и одликите од член 10.

**Член 16**

Набавувачот е должен испорачаните стоки, да ги прегледа на вообичаен начин за да се утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни, Набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш.

Носителот на набавката се обврзува во примерен рок да ги отстрани недостатоците или испорачаните материјали да ги замени, без право на посебен надоместок.

**Член 17**

Набавувачот кој навреме и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот, може:

- да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот;
- да бара од Носителот на набавката да ги замени испорачаните материјали доколку недостатокот не може да се отстрани.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

### Член 19

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Велес.

### Член 20

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА**
**МУЛТИТЕКС ДОО БИТОЛА**

Директор
Тоше Гроздановски

**НАБАВУВАЧ**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Градоначалник
Аце Коцевски

Изготвил МН

**ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ОБПП 59/2017**
**ЈАГЛЕН ЗА ОГРЕВ**

| Јаглен за Огрев за потребите на Општина Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Позиција | един. мерка | количина | ед.цена за 1 тон без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ ( количина * ед.цена ) | Вкупно ДДВ | Вкупно цена со ДДВ |
| 1. | **Јаглен за Огрев за потребите на Општина Велес** со следниве технички карактеристики :<br>*Влага максимална содржина до 49%*<br>*Пепел максимум 14,05%*<br>*Сулфур максимум 1,28%*<br>*Долна топлинска моќ минимум 10.000 kj/kg*<br>*Барана гранулација 30-80 мм ± 5 % дозволен ситнеж* | тон | 130 | 3.910 | 508.300 | 91.494 | 599.794 |

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
**МУЛТИТЕКС ДОО БИТОЛА**

ДИРЕКТОР
**ТОШЕ ГРОЗДАНОВСКИ**

______________

Датум __ 01.2018 м.п.